


# ИМА ЛИ одговор за страдањата?

### *Ако Бог го создал сето добро и не создал зло, од каде потекнува она што е лошо?*

Преку изјавите во Библијата можеме да заклучиме дека Бог создал суштество со слободна волја. Овој факт и ние го уживаме до денес, затоа што слободно можеме да го избереме доброто или лошото.



### *Каде е Бог кога страдаат луѓето? – прашуваат многумина.*

По завршувањето на војните многумина станале неверници. *„Каде беше Бог во концентрационите логори?“* – се прашуваа. Многумина би можеле со своите животни искуства да ги продолжат редовите на страдалниците. Се трудиме да се заштитиме себеси од страдање. Би сакале да го спречиме, но во суштината сите знаеме и чувствуваме дека сме беспомошно изложени на неговата немилост. Науката и техничките достигнувања ни за еден единствен грам не ги намалија страдањата на овој свет. Можеби поради тоа можеме да кажеме дека нашите предци биле во право кога за земјата зборувале како за долина на солзите.



Библијата го препознава проблемот на страдањето. Таа многу зборува за тоа. Цела една книга е посветена на страдањето (книгата за Јов). Таа нè наведува на размислување, поттикнува на револт и на крајот секој зазема свој став.

### *Дали е Бог мртов?*

Најекстремниот одговор за прашањето на страдањето е дека е Бог мртов. Небото е празно, го нема Бог. Кој го кажува ова, не знае што зборува. Затоа што тоа не само што значи дека над нас нема никого, туку дека и долу, покрај нас, пред нас и зад нас нема никого. Во тој случај, за прв пат во историјата на светот човекот би останал сосем сам, иако е придружен со други луѓе. Не може да се замисли ништо пострашно од ова.



Без Бог, човек не може ни да погледне нагоре. Се остварува латинската изрека: „Homo homini lupus est“ (Човек на човека е волк). Да бидеме искрени, зар ова не е реалноста на денешново време? Ваквата состојба предизвикува човек што размислува да се праша: „Ако навистина има некого горе, и ако е Бог навистина добар и семоќен, зошто тогаш ги дозволува војните? Каде ја покажува Бог својата старателска семоќност? Зошто има страдања?“

Атеизмот не може да даде одговор на прашањето за страдањата затоа што изведува погрешни заклучоци за светот. Природата и сè што е видливо зборува за Бог (Римјаните 1,19-20). Според проф. **Вајлдер Смит**: *„Една единствена секунда во вселената е доволна да го препознаеме постоењето на Бога“.* Се прашуваме, сепак, како можеме да Го препознаеме кога на сите страни гледаме крв. Ако, на пример, некои сензационално конструирани градби, како кулите во Куала Лумпур, бидат бомбардирани и се урнат, никој нема да претпостави дека дизајнерот така ги дизајнирал. И на урнатината ќе се види совршен дизајн. Иако е и нашиот свет во урнатини, сепак, покажува дека е совршено дизајниран. Планот бил добар, но нешто се случило. За тоа не е одговорен дизајнерот.



### *На Бог не му е местото на обвинителната клупа*

Значи, ако прифатиме дека е Бог дизајнерот и дека е семоќен, мнозина чувствуваат дека имаат право да Го обвинат за тоа што го дозволува. Зошто не интервенира? Зошто има страдања и солзи на земјава? Бог мора да го има одговорот.

Овие прашања на основа на логиката се погрешно поставени. Да замислиме дека во судот ние сме судијата, а Бог осуденикот. Тоа е невозможно, затоа што тогаш Бог не би бил семоќен. Не постои обвинет Бог. Бог може да даде одговор за страдањата, но никогаш не може да биде обвинет. *„А кој си ти, еј човеку, да му се спротставуваш на Бога? Дали ракотворбата му вели на мајсторот свој: Зошто си ме создал вака?“* (Римјаните 9,20) Штом ќе видат страдање, луѓето во хор прашуваат: „Како може Бог да го дозволи тоа?“ Може ли Бог да биде обвинет? Тој ли го држи оружјето и го повлекува чкрапалото? Бог ли ги определува ниските плати? Дали Бог постапува лошо со другите? Дали Бог управува со економијата па на едниот дел од светот луѓето да умираат од прејаденост, а на другиот крај од глад? Дали Бог ја пропива својата заработка и ги тепа своите во семејството? Кој треба да биде осуден за сè што се случува?

### *Независниот човек е причината за страдањата*

Ние луѓето горделиво управуваме со светот. Сакаме да одлучуваме според кои закони сакаме да живееме. Не сакаме никој да ни се меша во животот и се фалиме што сè сме постигнале. Тука се нашите технички достигнувања и научните резултати со кои речиси секој ден се фалиме. Успесите си ги припишуваме себеси, а за страдањата бараме одговор од Бога. Значи, напредокот е по наша заслуга, неуспехот е Божјо дело.



**Доделуваме Нобелова награда за мир, но ако избие војна некаде, никој не се јавува дека е одговорен за неа.**



Бог кажал дека, ако не се држиме до заповедите, ќе се јави страдање, како последица. Ние само се смеевме на тоа, за законот изјавивме дека е старомоден и го отфрливме. Кој уште почитува закони? Имаме потреба за Бог главно само кога сакаме да ги негуваме високите верски чувства. На пример, за време на Божик. За да го разубавиме празникот. Тој ни е потребен и кога бараме жртвено јагне.

Кога ќе видиме страдања, го осудуваме Бога. Човекот не ја прифаќа вината, и често би требало да се смени прашањето и место: „Како може Бог да дозволи“, поправилно би било да се прашаме: „Како може човекот да го дозволи тоа.“ Кога Исус Христос висел на крстот, било јасно што може да направи човекот дури и со Бога, кога е Тој предаден од негови раце.



**Џејн Клејсон** направи радиоинтервју со **Ени Греем** за страшните настани што се случуваат во последно време: ***Како дозволил Бог да се случуваат вакви работи?***

*„Верувам дека Бог многу се растажува од тоа што ни се случува, меѓутоа, веќе со години*

*Му зборуваме: излези од нашите училишта, од владата, од нашите животи, а бидејќи е Тој голем џентлмен, тивко се повлекува. Како можеме да очекуваме од Бога да ни даде благослови и заштита ако бараме од Него да нè остави на мира?*

*О’Хара (кого го убиле, а телото му беше пронајдено неодамна) се жалеше дека* ***не сака молитви во нашите училишта****, и ние рековме* – **ВО РЕД!**

*Потоа некој рече:* ***подобро да не ја читаме Библијата во нашите училишта****, Библијата која ни вели: не убивај, не кради и сакај го ближниот како себеси, и ние рековме дека е тоа* **ВО РЕД!**

*Д-р Бенџамин Спок рекол:* ***да не ги караме своите деца кога се однесуваат лошо****, затоа што така ќе ги оштетиме нивните мали личности и ќе ја нарушиме нивната самопочит (синот на Спок извршил самоубиство) и ние рековме: тој, како стручњак, сигурно знае за што зборува и рековме* – **ВО РЕД!**



*Некој рекол:* ***да дозволиме учениците да извршат абортус****, ако не сакаат, не мора ни да им кажуваат на родителите, и ние рековме дека е* **ВО РЕД!**

*Еден „мудар“ водач рекол:* ***момчињата и онака ќе го сторат тоа, затоа, да им дадеме кондоми колку што бараат*** *и не треба да им зборуваат на родителите за тоа, и ние рековме дека е* **ВО РЕД!**

*Потоа индустријата за забава рече:* ***да правиме ТВ-програми и филмови со кои ќе се рекламираат насилство, неморал и забранет секс. Да правиме музика што го охрабрува злоставувањето, користењето на дроги, убиствата, самоубиствата****, и ние рековме дека е тоа само забава, дека нема тука лошо влијание, дека, впрочем, никој не ги сфаќа за сериозно, и така, значи, само нека продолжат, тоа е* **ВО РЕД!**



*„Драги Боже, зошто не го спаси девојчето што го убија?“*

Со почит,
еден загрижен ученик

одговор:

*„Драг загрижен ученику, моето присуство во училиштето не е дозволено.“*

Со љубов, Бог

*А сега, да се запрашаме:* ***зошто нашите деца немаат совест, зошто не знаат да го разликуваат доброто од злото и зошто не им изгледа проблематично да убиваат странци, школски другари или самите себе.***

*Можеби, ако размислуваме доволно за тоа, можеме да го најдеме одговорот. Мислам дека сето ова има многу врска со изреката дека тоа што ќе го посее човек, тоа ќе го жнее.“*



### *Бог, како алиби за одржување на нашата удобност*

Седејќи во удобните фотелји со чај в рака, образованите луѓе зборуваат за катастрофи, за страдања. Секако, доаѓа прашањето: *„Како може Бог да го дозволи тоа?“* Зборувајќи за Божјата одговорност, се ослободуваат од сопствената должност. *„Само да не мораме ние да направиме нешто, што било.“* И така, некои ги искористуваат страдањата во светот за да се ослободат од својата одговорност и да го обвинат Бога. На тој начин нивната удобност останува и можат да продолжат со својот себичен живот и да не им дадат ни залче лепче на сиромашните.

### *Главното прашање веќе не е каде е Бог на љубовта, туку каде е човекот на љубовта?*

Најсуров извор на страдањата е човекот лично – човекот без Бога. Кој би можел да ги наброи сите страдања кои не Бог, туку човекот лично





ги предизвикал на оваа земја. Сè уште многумина пушат, пијат, работат прекумерно, затоа што сметаат: мене не ми пречи тоа. А кога ќе достасаат последиците, веќе е предоцна. Еден моторист, што доживеал несреќа, лежи покрај патот со повреди опасни за животот. Автомобилите со голема брзина го заобиколуваат, никој да запре. Каде е човекот на љубовта? Бог не може да биде љубезен, затоа што ја изгубил љубовта. Размислувајќи за себе, човекот не може вистински да се сврти накај другите. Го изгубил изворот на љубовта, што не е нешто друго, туку Бог лично.

## *Вистинската причина за страдањата: одвојувањето од Бога*

*„Причината за секое зло е човековото одвојување од Бога“*, рече еднаш Карл Карстенс (Carstens), бивш германски канцелар. Отуѓени сме од Бога и затоа така изгледа нашата земја. Не **„зошто“** туку **„затоа“**. Човекот би можел за најкратко време да ја претвори земјата во рај, само ако сака и ако може да сака.



## *Дали пронајдоците ни го олеснуваат животот?*

Во 1876 год. Алфред Нобел го измислил динамитот. Сакал да го олесни рударството. Што се прави денес од динамит? Бомби! Пронаоѓачите на нуклеарната енергија немале намера да произведат бомби. **Алберт Ајнштајн** однесол во својот гроб повеќе пронајдоци кажувајќи: *„Пронајдоците се опасни, во рацете на безбожен човек тие би нè уништиле“.*

## *Бог не сакал страдања*

Според историјата на создавањето, Бог создал сè добро. Бог му дал слободна волја на човекот: можел да се определи за или против Него. (1. Мојсеева 2,16.17; 4,7) Со својата непослушност, првиот човек се определил против Бога, а со тоа – за страдања и смрт. Се одвоил од изворот на животот, на здравјето, на љубовта, на благосостојбата и на мирот. И светилката ќе престане да свети ако се одвои од изворот на струја. Железото во огнот ќе истине ако пламенот престане да гори. Човековиот живот ќе се измени од корен ако се одвои од Бога.

## ШТО ПРАВИ БОГ?

Исус им подлегнал на страдањата и затоа добро разбира и знае што е човековата судбина: *„...иако беше во обличје Божјо, не се засили да се споредува со Бога: туку се понизи себеси земајќи обличје на слуга и стана како и сите други луѓе и пред очи ни се јави како човек“* (Филипјаните 2,6-8).

Тој сега се грижи за човекот и му брза во пресрет: *„Дојдете кај мене сите што сте уморни и натоварени, и јас ќе ве одморам“* (Матеј 11,28). Не се страдањата и смртта најголемиот проблем, туку страдањата и смртта на Бога.

Бог ќе го донесе конечното решение за страдањето. Наново ќе ја создаде земјата и ќе ги уништи сите траги на гревот:

***„Еве ја светињата (скинијата) Божја меѓу луѓето, и ќе живее со нив, и тие ќе бидат народот негов, и Бог лично ќе биде со нив, Бог нивни. И Бог ќе ја избрише секоја солза од лицата нивни, и смрт веќе нема да има, ни плач, ни викотници, ни болести веќе нема да има: затоа што првото помина. И рече Оној што седеше на престолот: Еве, сè ново творам. И ми рече: Напиши, зашто овие зборови се вистински и верни“.***

(Откровение 21,3-5)







# ЦАРОТ НА МОЕТО СРЦЕ

*Царот на моето срце има крст за престол,*
*Од трње круна и прат наместо жезол,*
*Дворец - надвор од градот, едно пусто место,*
*Долама бела, со крв навезана.*

*На ниеден прст Тој прстен нема,*
*Сам и голорак ме штити од којa долги,*
*За мене молчи прикован на крст,*
*Високо кренат - ко цар и ко слуга.*

*Царот на моето срце умира за мене,*
*А светот, не знаејќи, ко во лудило се смее.*
*О прекрасна љубов, не постои цена*
*За која би го продал Христа, мојот цар и другар.*

*Х.М.С. Ричардс (препев)*

Лекција бр. 9

серија **„Трагите водат кон Бог“**
Одговорен уредник: **Михајло Гурев** | Јазична редакција: **Томислав Треневски**
Дизајн: **Лазар Томовски** | Издава: **АИК „Знаци на времето“** П. фах 215, 1000 Скопје
Печати: **Аркус дизајн** | За дополнителни информации пишете ни на **tragite@yahoo.com** или јавете се на **071 / 569 076**
**www.adventisti.org.mk** **www.znacinavremeto.mk**